ИСТОЧЕН РЕГИОН

ЦЕНТАР ЗА РАЗВОЈ НА ИСТОЧЕН ПЛАНСКИ РЕГИОН

# Годишен извештај за работењето на Центарот за развој на Источен плански регион за 2020 година

Март 2021

**ПРЕДЛАГА:**
*Раководител на Центарот за развој на Источен плански регион*

**ИЗГОТВУВА:**
*Центар за развој на Источен плански регион*

**УСВОЈУВА:**
*Совет за развој на Источен плански регион*

Врз основа на член 4 став 1 алинеја 15 од Одлуката за основање на Центарот за развој на Источниот плански регион, Центарот за развој на Источен плански регион го подготви следниот:

Годишен извештај за работењето на
Центарот за развој на Источен плански регион
за 2020 година

ОПШТ ДЕЛ

## I. ВОВЕД

Центарот за развој на Источен плански регион (ЦРИПР), согласно Законот за рамномерен регионален развој (Сл. Весник на РМ бр. 24/2021) во својство на правно лице е основан од страна на единиците на локалната самоуправа што влегуваат во состав на Источниот плански регион (Берово, Виница, Делчево, Зрновци, Карбинци, Кочани, Македонска Каменица, Пехчево, Пробиштип, Чешиново-Облешево и Штип).

Центарот е регистриран на 26 мај 2008 година и започна со работа од 1 октомври 2008 година, по назначувањето на Раководител на Центарот.

Надлежностите и делокругот на работа на Центарот за развој се утврдени во член 30 од Законот за рамномерен регионален развој (Сл. Весник на РМ бр. 24/2021).

Седиштето на Центарот е во Општина Штип, како единица на локална самоуправа со најголем број жители (Член 26 став 7 од Законот за рамномерен регионален) на ул. „Ванчо Прке“ број 119 кат 2, 2000 Штип, Тел: 032/386-408, 032/386-409, www.eastregion.mk.

## **II. СТРУКТУРА НА ОРГАНИЗАЦИОНАТА ПОСТАВЕНОСТ**

2.1. *Раководител*

Раководител на Центарот за развој на Источен плански регион.

2.2 *Администрација*

А. Одделение за стратешко планирање и имплементација на проекти, поддршка на бизнис секторот и информатичко-комуникациска технологија

- Раководител на одделение
- Координатор за стратешко планирање и регионален развој
- Координатор за регионален развој и инвестициски проекти
- Соработник за поддршка на бизнис секторот, регионален развој и информатичко-комуникациска технологија

Б. Одделение за нормативно-правни работи, општи работи и управување со човечки ресурси

- Раководител на одделение
- Координатор за нормативно-правни работи, општи работи и управување со човечки ресурси
- Соработник за административно-технички работи
- Хигиеничарка

В. Одделение за јавни набавки

- Раководител на одделение
- Координатор за јавни набавки

Центарот во 2020 година има вкупно девет вработени. Шест се во редовен работен однос, еден раководител кој се избира на четири години, три координатори за регионален развој, еден координатор за нормативно-правни работи, општи работи и управување со човечки ресурси, Координатор за јавни набавки и тројца вработени на проекти (на определено време) од кои еден координатор на проектот „Бизнис центар за поддршка и советодавни услуги за мали и средни претпријатија”, еден координатор кој работи на проектни активности поврзани со еко туризам на проектот „Програма за зачувување на природата во Северна Македонија - фаза 2“ и еден координатор на проектот „Културен мост низ вековите”.

Бројот на вработените по работни места е: Раководител – еден извршител (1), Координатор за стратешко планирање и регионален развој - тројца извршители (3), Координатор за нормативно-правни работи, општи работи и управување со човечки ресурси – еден извршител (1)**,** Координатор за јавни набавки - еден извршител (1) и тројца координатори вработени на проекти - три извршители (3).

## III. ПОРТФОЛИО НА УСЛУГИ НА ЦЕНТАРОТ ЗА РАЗВОЈ НА ИСТОЧЕН ПЛАНСКИ РЕГИОН

*3.1 Услуги за поддршка на Советот за развој на Источен плански регион*

- Поддршка на работата на Советот на регионот.

*3.2 Услуги за општо информирање*

- Интернет страна: www.eastregion.mk , www.investineastregion.mk;
- Facebook: Centre for Development of the East Planning Region;
- Поддршка на порталот: www.bregalnica-ncp.mk;
- Поддршка на порталот: www.cbc-green.com

*3.3 Консултански услуги за подготовка и имплементација на проекти*

- Информирање за достапни фондови и отворени повици;
- Подготовка на предлог - проекти;
- Реализација на проекти;
- Фасилитирање партнерства;
- Советувања при имплементација на проекти.

*3.4 Обуки, работилници и услуги*

- Реализација на обуки и работилници;
- Организација и менаџирање на обуки од трети лица;
- Организација на средби помеѓу засегнати страни од регионот и надвор од него;
- Настани за градење свесност за Регионалниот развој;
- Изработка на извештаи и анализи од регионалниот развој.

3.5 Услуги за промоција

- Организирање на промотивни настани и учество на саеми и друг тип настани во име на регионот;
- Организирање на информативни денови за промоција на потенцијалите на регионот;
- Подготовка на промотивни материјали за регионот;
- Поддршка при учество на саеми и други манифестации.

*3.6 Лобирање*

- Лобирање за различни програми за засегнати страни од регионот;
- Лобирање за потребите на бизнис секторот.

*3.7 Поддршка и советодавни услуги за мали и средни претпријатија*

- Организирање на промотивни настани и советодавни информативни средби;
- Формирање дата база на податоци за евиденција на развојните потенцијали на општините и на планскиот регион;
- Интерактивен веб портал.

*3.8 Зајакнување на регионот како атрактивна дестинација за еко туризам*

- Организација на средби помеѓу засегнати страни од регионот и пошироко;
- Градење на капацитети на општините за потенцијалите од развојот на еко туризмот;
- Подготовка на промотивни материјали за регионот.

## АКТИВНОСТИ НА ЦЕНТАРОТ ВО 2020 ГОДИНА

## I. Аплицирани и одобрени проекти финансирани од страна на Министерството за локална самоуправа – Биро за регионален развој за 2019 година

1. Согласно барањето доставено од страна на Министерство за локална самоуправа - Биро за регионален развој за прибирање на предлог-проекти за развој на планските региони за финансирање во 2019 година, Центарот за развој на Источен плански регион согласно надлежностите утврдени во Законот за рамномерен регионален развој на 15.12.2018 година до Министерство за локална самоуправа - Биро за регионален развој поднесе 4 (четири) предлог-проекти, за реализација во 2019 година со продолжителност во 2020 година. **Финансиски поддржани во 2020 година се проектите под број 2 и 3.**

| Ред. број | Назив на проектот | Статус на проектот | Буџет | Извор на финансирање |
|---|---|---|---|---|
| 1. | „Збогатување на туристичка понуда со изградба, уредување и осветлување на пешачко-велосипедска патека на река Брегалница“ Општина Берово | Реализиран | 7.200.155,00 | Министерство за локална самоуправа (Биро за регионален развој), Општина Берово |
| 2. | „Изградба на регионален туристичко-научен музеј за ретки минерали“ Општина Пробиштип | Реализиран | 7.371.539,00 | Министерство за локална самоуправа (Биро за регионален развој), Општина Пробиштип |
| 3. | „Заштита на животната средина преку изградба на систем за третман на отпадни води“ Општина Чешиново-Облешево | Реализиран | 15.239.780,00 | Министерство за локална самоуправа (Биро за регионален развој) Општина Чешиново-Облешево |
| 4. | „Изградба на Етно парк - Зрновци - II фаза“ Општина Зрновци | Реализиран | 3.652.100,00 | Министерство за локална самоуправа (Биро за регионален развој), Општина Зрновци |

## II. Аплицирани и одобрени проекти финансирани од страна на Министерството за локална самоуправа – Биро за регионален развој за 2020 година

Врз основа на известување од Министерство за локална самоуправа - Биро за регионален развој за прибирање на предлог-проекти за развој на планските региони за финансирање во 2020 година, Центарот за развој на Источен плански регион на 15.12.2019 година до Министерство за локална самоуправа - Биро за регионален развој поднесе 4 (четири) предлог-проекти, за реализација во 2020 година. Проектите под реден број 3 и 4 се реализирани, а проектот по реден број 1 е во фаза на реализација.

| Ред. број | Назив на проектот | Статус на проектот | Потребни средства | Извор на финансирање |
|---|---|---|---|---|
| 1. | „Создавање на услови за развој на културен туризам во Источен плански регион - Реконструкција на културен дом „Тошо Арсов” во Општина Виница“ | Во фаза на реализација | 15.400.457,00 | Министерство за локална самоуправа (Биро за регионален развој), Општина Виница |
| 2. | „Подобрување на условите за живот на населението во руралните средини во Источен плански регион - Изградба на водоснабдителен систем во село Моштица - Општина македонска Каменица (фаза 1)“ | Одбиен | 32.758.220,00 | Министерство за локална самоуправа (Биро за регионален развој), Општина Македонска Каменица |
| 3. | „Подобра инфраструктура за подобри услови - Креирање на сообраќајно решение за надминување на сообраќајниот метеж во Источен плански регион“ Општина Штип | Реализиран | 18.671.875,00 | Министерство за локална самоуправа (Биро за регионален развој), Општина Штип |
| 4. | „Збогатување на туристичка понуда со партерно уредување со поставување на урбана опрема на Црнодолски водопади“ Општина Пехчево | Реализиран | 6.530.181,00 | Министерство за локална самоуправа (Биро за регионален развој), Општина Пехчево |

Јавната набавка за избор на изведувач за проектот под реден број 1 беше распишана веднаш по склучувањето на договорот, во месец март 2020 година, а по изминувањето на сите законски рокови и по доставувањето на банкарската гаранција, во месец мај

беше склучен Договор за изведба со избраниот изведувач. На 24.07.2020 година Договорот со избраниот изведувач беше раскинат поради неисполнување на одредбите од Договорот, по што беше наплатена банкарската гаранција.

Имајќи ги во предвид временските рокови предвидени со склучениот Договор меѓу Центарот за развој на Источен плански регион и Бирото за регионален развој, беше доставено Барање за продолжување на рокот за реализација на овој проект и е потпишан Анекс кон Договорот, со кој што рокот за реализација на проектот се продолжува заклучно до 30.08.2021 година.

Последователно согласно Законот за јавни набавки, беше доставено Известување до второрангираниот изведувач за склучување на Договор. Договорот со второрангираниот изведувач беше склучен во почетокот на месец октомври со услов за доставување на банкарска гаранција во рок од 15 дена по склучувањето. Бидејќи избраниот изведувач и покрај потпишаниот Договор, не обезбеди банкарска гаранција во предвидениот рок, склучениот Договор е неважечки по што Центарот за развој на Источен плански регион повторно распиша јавна набавка и избор на нов изведувач.

Јавната набавка по втор пат беше распишана во месец декември 2020 година и истата се заврши со потпишување на договор за изведба на работи со избраниот изведувач на ден 19.02.2021 година и истиот ги започна градежните активности. Со определениот рок на реализација со договорот, се очекува градежните активности да се завршат заклучно со 30.08.2021 година.

## **III. Аплицирани проекти финансирани од страна на Министерството за локална самоуправа – Биро за регионален развој за 2021 година**

Согласно обврските од Законот за рамномерен регионален развој (Сл. Весник на РМ бр. 63/07, 187/13, 43/14, 215/15 и 64/18) Центарот за развој на Источен плански регион на 15.12.2020 година до Министерство за локална самоуправа - Биро за регионален развој поднесе 4 (четири) предлог-проекти за развој на планските региони за реализација во 2021 година.

| Ред. број | Назив на проектот | Статус на проектот | Потребни средства | Извор на финансирање |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Градски пазар во Делчево – отворен и затворен дел (II фаза) | Аплициран | 18.853.783,00 | Министерство за локална самоуправа (Биро за регионален развој), Општина Делчево |
| 2. | Осветлување на дел на магистрален пат А3 кој поминува низ Македонска Каменица | Аплициран | 10.388.055,00 | Министерство за локална самоуправа (Биро за регионален развој), Општина Македонска Каменица |
| 3. | Збогатување на содржините за рекреација во Источен регион – Смарт и авантуристички паркови во општините Штип и Кочани | Аплициран | 10.620.388,00 | Министерство за локална самоуправа (Биро за регионален развој), Општина Штип, Општина Кочани |
| 4. | Подобрување на инфраструктурата за развој на туризмот – локален пат во Берово и доуредување на локалитет Лесново | Аплициран | 10.054.560,00 | Министерство за локална самоуправа (Биро за регионален развој), Општина Берово, Општина Пробиштип |

## IV. Аплицирани и одобрени проекти за финансирање од Програмата за капитални субвенции за развој на плански региони во областа на земјоделството и руралниот развој 2019 - 2020

<table>
<tr><th>Ред. број</th><th>Назив на проектот</th><th>Статус на проектот</th><th>Буџет</th><th>Извор на финансирање</th></tr>
<tr><td rowspan="3">1.</td><td>„Подобрување на руралната патна инфраструктура преку изградба на пристапни патишта во подрачјата со земјоделска дејност и обработлива површина во Источен плански регион”</td><td>Реализиран</td><td>1.851.715,00</td><td>Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство, општина Чешиново-Облешево</td></tr>
<tr><td colspan="4">1.1 ДЕЛ 1 Изградба на пристапен пат: Долнополски пат (втора фаза) КП 5314 КО Спанчево вон град во должина од 580 м - општина Чешиново-Облешево</td></tr>
<tr><td colspan="4">ДЕЛ 2 Изградба на пристапен полски земјен пат КО Зрновци - КО Виница со должина од 1500 м – општина Зрновци</td></tr>
<tr><td colspan="4">Вкупна должина:</td><td>2.080 метри</td></tr>
<tr><td colspan="4">Вкупен буџет со ДДВ:</td><td>1.851.715,00</td></tr>
</table>

## V. Аплицирани и одобрени проекти за финансирање од Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2019 година

Во рамките на Програмата за финансиска поддршка на земјоделието и руралниот развој на Центарот за развој на Источниот плански регион по Јавниот повик од Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој се одобрени 2 (два) проекти по следните мерки:

- Мерка 321 – Подобрување на квалитетот на живот во руралните средини;
- Мерка 323 – Зачувување и унапредување на традиционалните вредности во руралните подрачја;

| Ред. број | Назив на проектот | Статус на проектот | Буџет | Извор на финансирање |
|---|---|---|---|---|
| 1. | **Мерка 321**<br>„Изградба на пристапни патишта за планинските населени места Вртешка, Кепекчелија и Калаузлија и нивно поврзување со регионален пат Р 2431"<br>општина Карбинци | Реализиран | 14.687.119,00 | АФПЗРР<br>Општина Карбинци |
| 2. | **Мерка 323**<br>„Изградба на пристапен пат од с. Оризари до манастирот Пресвета Богородица - туристичка населба Добра Вода"<br>Општина Кочани | Реализиран | 14.030.427,00 | АФПЗРР<br>Општина Кочани |

* * Од Повикот од 2015 година, проектот „Изработка на УПС во Општините Кочани, Чешиново-Облешево, Карбинци, Пехчево, Зрновци и Македонска Каменица" е сè уште во фаза на реализација, вкупен буџет од 22.886.095,00 денари.

## VI. Аплицирани и одобрени проекти за финансирање во рамки на ИНТЕРРЕГ (ИПА) Програмата за прекугранична соработка помеѓу Република Македонија и Република Бугарија 2014-2020

Во рамките на ИНТЕРРЕГ ИПА Програмата за прекугранична соработка помеѓу Бугарија - Македонија 2014-2020 година, II (втор) повик, Центарот за развој на Источен плански регион, во мај 2018 година поднесе 2 (два) предлог-проекти и истите беа одобрени за финансирање.

Прв проект е „Нашето заедничко минато - патека за заедничка иднина", Центарот е водечки партнер, а Општина Гоце Делчев од Бугарија е проектен партнер. Договорот за финансирање на проектот е потпишан на 12.07.2019 година и е во тек на реализација.

Втор проект е „Културен мост низ вековите", Народното читалиште „Георги Тодоров - 1885" е водечки партнер, а Центарот е проектен партнер. Договорот за финансирање на проектот е потпишан на 04.09.2019 година и е во тек на реализација.

| Ред. бр. | Назив на проектот | Буџет ЕУР | Статус | Носител / Партнер | Извор на финансирање |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | „Нашето заедничко минато - патека за заедничка иднина"<br>Реконструкција на мултикултурен центар во Кочани | **315.825,62 €**<br>вкупно 562.353,54 € | Во тек на реализација | Центар за развој на Источен плански регион / општина Гоце Делчев | ИНТЕРРЕГ ИПА Програма за прекугранична соработка помеѓу Македонија и Бугарија |
| 2. | „Културен мост низ вековите"<br>Конзерваторски работи на црква Св. Власие, пристап и осветлување | **185.187,62 €**<br>вкупно 406.222,44 € | Во тек на реализација | Народното читалиште „Георги Тодоров - 1885" / Центар за развој на Источен плански регион | ИНТЕРРЕГ ИПА Програма за прекугранична соработка помеѓу Македонија и Бугарија |

**VII. Проекти финансирани од меѓународни извори на финансирање**

| Ред. бр. | Назив на проектот | Буџет | Временска рамка | Носител / партнер | Извор на финансирање |
|---|---|---|---|---|---|
| ***Програма за зачувување на природата – фаза 2*** | | | | | |
| 1. | Добра земјоделска пракса - богат биодиверзитет II фаза - Одрживо управување со слама и остатоци од жетвата на ориз | 1.480.000,00 | 2019 - 2020 | ЦРИПР / ЗЖЗ Агро-Винка Виница | Швајцарска Агенција за развој и соработка |
| 2. | Поддршка на старт-ап бизниси за развој на еко-туризам и промоција на ИПР како туристичка дестинација | 820.561,00 | 2019-2020 | ЦРИПР | Швајцарска Агенција за развој и соработка |
| 3. | Подготовка на материјали за промоција на ИПР како атрактивна туристичка дестинација | 1.376.000,00 | 2020 | ЦРИПР | Швајцарска Агенција за развој и соработка |
| ***Одржлив и инклузивен рамномерен регионален развој*** | | | | | |
| 4. | Реконструкција на ски лифтовите на Пониква | 5.651.492,00 | 2019 - 2020 | ЦРИПР | МЛС Швајцарска Агенција за развој и соработка, општина Кочани |
| 5. | Иновативен проект „Здрави деца - сигурна иднина” - набавка и монтажа на опрема во сензорни соби во Штип, Кочани и Делчево | 1.476.678,00 | 2019-2020 | ЦРИПР | МЛС Швајцарска Агенција за развој и соработка |
| 6. | Доградба и реконструкција на Дом за стари лица - Берово | 7.371.598,00 | 2020 | ЦРИПР | МЛС Швајцарска Агенција за развој и соработка, општина Берово |
| 7. | Набавка со транспорт и монтажа на агрометеоролошки | 2.534.605,00 | 2020 | ЦРИПР | МЛС Швајцарска Агенција за |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | станици за заштита на земјоделските култури и животната средина во Источен плански регион | | | | развој и соработка |
| 8. | Подготовка на Програма за развој на Источен плански регион 2021-2025 | 361,700,00 | 2020-2021 | ЦРИПР | МЛС Швајцарска Агенција за развој и соработка |
| 9. | Регионални форуми на заедницата алатка за идентификација, приоретизирање и подготовка на проекти за финансирање од МЛС/БРР за 2021 година | 134.600,00 | 2020 | ЦРИПР | МЛС Швајцарска Агенција за развој и соработка |

## VII. 1. Програма за зачувување на природата – фаза 2

Во 2020 година се продолжи со реализација на втората фаза од имплементација на „Програмата за зачувување на природата во Северна Македонија" и покрај ограничените услови за работа и воспоставените мерки за заштита на здравјето на населението од COVID-19 , со конкретни активности на Центарот за развој на Источен плански регион:

- На 15.01.2020 година Комисија за евалуација на поднесените бизнис идеи направи примарна селекција на концепти кои што се во согласност со условите објавени со јавниот повик;
- На 28-29.01.2020 година беше извршен увид на лице место кај апликантите кои што ја поминаа примарната селекција согласно условите со јавниот повик за старт-ап бизниси;
- На 25.02.2020 година се одржа иницијалниот состанок на апликантите кои што ја поминаа првичната селекција и менторите кои што ќе им помогнат во изработката на бизнис плановите;
- На 04-05.03.2020 година се одржаа вториот и третиот состанок на апликантите кои што ја поминаа првичната селекција и менторите кои што ќе им помогнат во изработката на бизнис плановите;
- На 09-10.03.2020 година се одржаа четвртиот и петтиот состанок на апликантите кои што ја поминаа првичната селекција и менторите кои што ќе им помогнат во изработката на бизнис плановите;
- На 20.05.2020 година се одржа прв онлајн состанок со тимот за изработка на промотивни материјали за дефинирање на насоките за изработка;
- На 10.06.2020 година се одржа втор онлајн состанок со тимот за изработка на промотивни материјали за увид во работната верзија на предвидените материјали;
- На 30.06.2020 година се одржа трет онлајн состанок со тимот за изработка на промотивни материјали за усогласување на забелешките од претходните состаноци;

- На 28.07.2020 година во Скопје се одржа прв состанок со физичко присуство со изработувачите на промотивните материјали на кој што се прегледуваше содржината на истите и се даваа понатамошни забелешки;
- На 06-07.10.2020 година се направи мониторинг на реализацијата на активностите поддржани во рамки на активноста „Нови фирми за одржлив туризам - поддршка на старт ап бизниси“ на двата успешни апликанти;
- На 14-16.10.2020 година во Охрид се реализираше дводневна работилница на тема „Стратешки документи за заштита на природата и билошката разновидност во РСМ“ со претставници од единаесетте општини од регионот;
- На 01.10.2020 година апликантот од вториот циклус на обуки за старт-ап бизниси ги достави потребните документи за регистрација на правен субјект и основање на работен однос;
- На 20.10.2020 година во Скопје се одржа втор состанок со физичко присуство со тимот за изработка на промотивни материјали на кој се дискутираше за текот на изработка на промотивни материјали;
- На 30.10.2020 година апликантот од првиот циклус на обуки за старт-ап бизниси ги достави потребните документи за регистрација на правен субјект и основање на работен однос;
- На 17.12.2020 година добиено е одобрување од Швајцарската Амбасада за дизајнот и содржината на изработените промотивни материјали.

### VII. 2. Одржлив и инклузивен рамномерен регионален развој

Центарот за развој на Источен плански регион на 28.12.2018 година потпиша Договор за финансиска поддршка на Центрите за развој на планските региони за спроведување на активности во 2019 и 2020 година во рамки на проектот „Одржлив и инклузивен рамномерен регионален развој 2018-2020“ финансиран од страна на Швајцарската Конфедерација со поддршка на Министерството за локална самоуправа.

Вкупниот буџет искористен од страна на Бизнис Центарот и Центарот за развој на Источен плански регион изнесува 15.063.000,00 денари и истиот беше наменет за спроведување на регионални форумски сесии, Изработка на Програма за развој на Источен плански регион 2021-2025 година, серија на настани и работилници за поддршка на бизнис секторот во Источен плански регион, како и финансиска поддршка за реализација на инвестициските проекти: „Реконструкција на ски лифтовите на Пониква“, кој заврши во текот на месец септември 2020 година, „Доградба и реконструкција на Дом за стари лица – Берово“, кој заврши во текот на месец декември 2020 година и од иновативните проекти беше реализиран проектот: „Агрометеоролошки станици за заштита на земјоделски култури и животна средина во Источен плански регион“.

Во текот на 2020 година беа реализирани следните конкретни активности:

- На 28.01.2020 година се одржа работилница за идентификација на иновативна идеја за проект и развој на концептот на проектот, со вкупен фонд од 38.980 CHF;
- На 21.09.2020 година се одржа „Работилница за поврзување на заедницата за зајакната социјална инклузивност во регионалниот развој за Источен плански регион“, во рамките на проектот „Одржлив и инклузивен рамномерен регионален развој“;

- На 23.09.2020 година се одржа работилница за општинската администрација од Источен плански регион за користење на агрометеоролошките станици;
- На 13.10.2020 година преку виртуелната платформа ZOOM се одржа воведната работилница за изработка на Програмата за разој на Источен плански регион 2021-2025;
- На 21.10.2020 и на 23.10.2020 година се одржаа серија на работилници за земјоделците од Источен плански регион за користење на агрометеоролошките станици;
- На 28.10.2020 година се одржа првата консултативна средба со физичко присуство на учесниците за претставување на методологијата и наодите од секторските анализи за потребите на Програмата за развој на Источниот плански регион за периодот 2021-2025 година;
- Од 04-09.11.2020 година се реализираше воведниот чекор од Регионалните форуми на заедницата во која преку прашалник се идентификуваа приоритетните области за реализација на проекти во 2021 година;
- На 12-13.11.2020 година беа организирани поединечни средби со градоначалниците од Источниот плански регион за идентификување на предлог-проекти од посочените приоритетни области за финансирање во 2021 година;
- На 13.11.2020 година на виртуелната платформа ZOOM се одржа втората работилница за изработка на Програмата за развој на Источниот плански регион за периодот 2021-2025 година;
- На 19.11.2020 година на виртуелната платформа ZOOM се одржа третата работилница за изработка на Програмата за развој на Источниот плански регион за периодот 2021-2025 година;
- Од 01-03.12.2020 година се реализираше второт прашалник со засегнатите страни од Источниот плански регион на кој што се направи приоретизација на предлог-проектите за финансирање во 2021 година;
- На 03.12.2020 година на виртуелната платформа ZOOM се одржа завршната конференција за претставување на Програмата за развој на Источниот плански регион за периодот 2021-2025 година, на која сите заинтересирани страни беа поканети да поставуваат свои забелешки и коментари по истата;
- На 07.12.2020 година се одржа втората работилница во рамките на Регионалните форуми на заедниците на кои што се претставија предлог-концептите рангирани од страна на засегнатите страни од Источниот плански регион, кои што треба да бидат поднесени за аплицирање во 2021 година.

## **VIII. Активности на Бизнис Центарот во рамки на Центарот за развој на Источен плански регион за 2020 година**

Со цел зголемување на конкурентноста на планските региони преку поддршка на малите и средни претпријатија и на претприемништвото, во текот на 2014 година формирани се Бизнис Центри за поддршка и консултативни услуги за мали и средни претпријатија во рамките на постојните Центри за развој на планските региони. Ваков Бизнис Центар е формиран и во Источниот плански регион во состав на Центарот за развој на Источен плански регион - Штип, кој треба да ги надополни постојните услуги насочени кон бизнис секторот во квалитет - целисходност, применливост и додадена вредност и квантитет - зголемено мени на услуги и опфат на корисници. Проектот финансиски е поддржан од Министерството за локална самоуправа и Швајцарската агенција за развој и соработка.

Во текот на 2020 година Бизнис Центарот спроведе серија на активности сè со цел поддршка на бизнис секторот во регионот во насока на поттикнување на економскиот раст и развој во регионот. Како дел од активностите на Бизнис Центарот беа спроведени:

- Спроведена пилот мерка од Регионалната стратегија за иновации во Источен плански регион, организирање на настан за идентификување на проектни идеи за иновативен проект за 2020 година;
- Реализација на повеќе активности во рамките на проектот „Одржлив и инклузивен рамномерен регионален развој";
- Учество на серии од обуки организирани од страна на Фондот за иновации и технолошки развој. Обуките се одржаа на виртуелната платформа ZOOM во 6 фази, од 04.12.2020 година до 16.12.2020 година;
- Редовно соопштување до локалните медиуми и испраќање на покани за тековните активности што следат, организирање на настани и слични активности на Бизнис центарот при Источен плански регион;
- Постојано ажурирање на интерактивниот веб портал: www.investineastregion.mk;
- Постојано ажурирање на facebook страната: Бизнис центар на Источен плански регион;
- Ажурирање на Електронската регионална база на податоци за институции и фирми кои нудат услуги за развој на приватниот сектор (непрофитни, образовни, локални агенции и единици на владини агенции, консалтинг фирми, правници, сметководители и сл.);
- Ажурирање на Електронската регионална база на податоци за достапните „greenfield" и „brownfield" локации.

## IX. Спроведени јавни набавки од страна на Центарот за развој на Источен плански регион

Во текот на 2020 година Центарот за развој на Источен плански регион ги реализираше следните јавни набавки согласно Законот за јавни набавки:

1. Набавки од мала вредност:

- Набавка на дизел гориво за службено патничко моторно возило – ЕУРОДИЗЕЛ БС (Д-Е V);
- Подобрување на руралната патна инфраструктура преку изградба на пристапни патишта во подрачјата со земјоделска дејност и обработлива површина во ИПР (трет пат за ДЕЛ 1);
- Набавка на услуги од друштво за вршење сметководствени работи;

2. Поедноставена отворена постапка:

- Набавка на патничко моторно возило;
- Реконструкција на ски лифтовите на Пониква;
- Реконструкција на Дом на културата „ Тошо Арсов “ – општина Виница;
- Партерно уредување со поставување на урбана опрема на Црнодолски водопади – општина Пехчево;
- Креирање на сообраќајно решение за надминување на сообраќајниот метеж во Источен плански регион – општина Штип (Изградба на А.Б. платформа за паркирање на река Отиња во Штип);
- Набавка со транспорт и монтажа на агрометеоролошки станици за заштита на земјоделските култури и животната средина во Источен плански регион;
- Подобрување на руралната патна инфраструктура преку изградба на пристапни патишта во подрачјата со земјоделска дејност и обработлива површина во ИПР;
- Доградба и реконструкција на Дом за стари лица – Берово;

Во текот на 2020 година Центарот за развој на Источен плански регион ги реализираше следните јавни набавки согласно Ажурираната методологија за спроведување постапки за набавки од страна на партнерите на Програмата за зачувување на природата во Северна Македонија – фаза 2, одобрена од Швајцарската агенција за развој и соработка:

- Подготовка на материјали за промоција на Источен плански регион како атрактивна дестинација за еко туризам;

**<u>X. Седници на Советот за развој на Источен плански регион</u>**

Центарот за развој на Источен плански регион во периодот јануари - декември 2020 година подготви и организираше 7 (седум) седници на Советот за развој на Источен плански регион.

<u>На ден 20.03.2020 година (петок) во Општина Пробиштип, хотел Црешово Топче, се одржа четиринаесеттата Седница на Советот за развој на Источен плански регион</u>

На седница на Советот за развој на ИПР, беа разгледани и донесени:

1. Усвојување на записникот од тринаесеттата Седница на Советот за развој на Источниот плански регион;
2. Предлог – Одлука за усвојување на Годишниот Извештај за работењето на Центарот за развој на Источен плански регион за 2019 година;
3. Предлог – Одлука за давање на позитивно мислење и усвојување на завршната сметка на Центарот за развој на Источниот плански регион за 2019 година;
4. Предлог – Одлука за давање на позитивно мислење и усвојување на завршната сметка на Проектот „Зелени згради за заедничка зелена иднина – ГРЕЕН" за 2019 година;
5. Предлог – Одлука за давање на позитивно мислење и усвојување на завршната сметка на Проектот „Програма за зачувување на природата во Македонија – фаза 2" за 2019 година;
6. Предлог – Одлука за давање на позитивно мислење и усвојување на завршната сметка на Проектот „Одржив и инклузивен рамномерен регионален развој" за 2019 година;
7. Предлог – Одлука за давање на позитивно мислење и усвојување на завршната сметка на Проектот „Културен мост низ вековите" за 2019 година;
8. Предлог – Одлука за давање на позитивно мислење и усвојување на завршната сметка на Проектот „Нашето заедничко минато - патека за заедничка иднина" за 2019 година;
9. Предлог – Одлука за усвојување на Годишниот Извештај за спроведување на Програмата за развој на Источниот плански регион 2015-2019 за 2019 година;
10. Разно.

<u>На ден 25.06.2020 година (четврток) во Општина Пробиштип, Дом на култура „Златовски Рудар", се одржа петнаесеттата Седница на Советот за развој на Источен плански регион</u>

На седница на Советот за развој на ИПР, беа разгледани и донесени:

1. Усвојување на записникот од четиринаесеттата Седница на Советот за развој на Источниот плански регион;
2. Информација за проекти во фаза на реализација;
3. Информација за обврски на општините за тековно работење на Центарот по основ на Договор за соработка помеѓу МЛС и ЕЛС од ИПР;
4. Предлог – Одлука за внатрешна организација на Центар за развој на Источен плански регион;
5. Предлог – Одлука за давање на позитивно мислење по Предлог - Правилникот за систематизација на работните места во Центарот за развој на Источен плански регион;
6. Предлог – Одлука за давање на позитивно мислење по Предлог - Правилникот за плати и надоместоци на вработените во Центарот за развој на Источниот плански регион
7. Разно.

На ден 11.09.2020 година (петок) во општина Берово, Бизнис Инкубатор - Берово, се одржа шестнаесеттата Седница на Советот за развој на Источен плански регион

На седница на Советот за развој на ИПР, беа разгледани и донесени:

1. Усвојување на записникот од петнаесеттата Седница на Советот за развој на Источниот плански регион;
2. Предлог – Заклучок за констатирање престанок на мандат на член и Претседател на Советот за развој на Источен плански регион;
3. Предлог – Заклучок за Заменик Градоначалникот на општина Штип за нов член на Советот за развој на Источен плански регион;
4. Избор на Претседател на Советот за развој на Источен плански регион;
5. Информација за проблеми со имплементација на проекти за 2020 година;
6. Предлог – Одлука за преотстапување на објект „Детска градинка во населба Сењак во општина Штип“;
7. Предлог – Одлука за преотстапување на објект „Систем за третман на отпадни води во с.Соколарци – општина Чешиново - Облешево”;
8. Предлог – Одлука за преотстапување на објект „Етно парк – Зрновци – II фаза”;
9. Информација за иновативниот проект „Агрометеоролошки станици за заштита на земјоделските култури и животната средина во ИПР” од Грантовата шема на Проектот „Одржив и инклузивен рамномерен регионален развој” и Предлог – Одлука за предавање во сопственост и владение на Агрометеоролошките станици;
10. Предлог - Решение за именување в.д. Раководител на Центар за равој на Источен плански регион;
11. Предлог – Одлука за отпочнување постапка за избор на Раководител на Центар за развој на Источен плански регион;
12. Разно.

На ден 26.10.2020 година (понеделник) во општина Македонска Каменица – мотел Мерак, се одржа седумнаесеттата Седница на Советот за развој на Источен плански регион

На седница на Советот за развој на ИПР, беа разгледани и донесени:

1. Усвојување на записникот од шеснаесеттата Седница на Советот за развој на Источниот плански регион;
2. Информација од Раководителот на Центарот за развој на Источен плански регион за актуелните проекти;
3. Информација од Раководителот на Центарот за развој на Источен плански регион за финансиската состојба на Центарот;
4. Предлог – Одлука за преотстапување на објект ,,Локален пат врска со регионален пат Р 2431, викенд населба Вртешка, село Кепекчелија и село Калаузлија, општина Карбинци“;
5. Предлог – Одлука за давање на Мислење по Предлог на Одлука за прогласување на дел од Осоговските Планини за заштитен предел;
6. Предлог - Решение за разрешување од функција в.д. и престанок на работен однос поради возраст;
7. Одлука за ставање во мирување на започнатата постапка за избор на Раководител на Центар за развој на Источен плански регион;
8. Решение за именување в. д. Раководител на Центар за развој на Источен плански регион;
9. Разно.

На ден 27.11.2020 година (петок) на виртуелната платформа ZOOM, се одржа осумнаесеттата Седница на Советот за развој на Источен плански регион

На седница на Советот за развој на ИПР, беа разгледани и донесени:

1. Усвојување на записникот од седумнаесеттата Седница на Советот за развој на Источниот плански регион;
2. Презентација на предложените концепт решенија, како четврти чекор од Концептот за Регионални форуми на заедницата алатка за идентификација, приоретизирање и подготовка на проекти за финансирање од МЛС и БРР – презентер Денис Жерновки - надворешен експерт;
3. Разно.

На ден 10.12.2020 година (четврток) на виртуелната платформа ZOOM, се одржа деветнаесеттата Седница на Советот за развој на Источен плански регион

На седница на Советот за развој на ИПР, беа разгледани и донесени:

1. Усвојување на записникот од осумнаесеттата Седница на Советот за развој на Источниот плански регион;
2. Предлог – Одлука за преотстапување на објект ,,Изложбен павиљон за ретки минерали – Општина Пробиштип“;
3. Утврдување на Годишна листа на Предлог - Проекти за развој на Источен плански регион во 2021 година;
4. Разно.

На ден 28-29.12.2020 година (понеделник и вторник) на виртуелната платформа ZOOM, се одржа дваесеттата Седница на Советот за развој на Источен плански регион

На седница на Советот за развој на ИПР, беа разгледани и донесени:

1. Усвојување на записникот од деветнаесеттата Седница на Советот за развој на Источниот плански регион;
2. Предлог – Заклучок за констатирање престанок на правото на присуство и одлучување на Седниците на Советот за развој на Источен плански регион со сите права, должности и одговорности на член на Советот и на функцијата Претседател на Советот на Јане Миланов;
3. Предлог – Одлука за верификација на мандат на нов член на Советот за развој на Источен плански регион
4. Избор на Претседател на Советот за развој на Источен плански регион;
5. Финансиски план на Центарот за развој на Источен плански регион за 2021 година, со Предлог – Одлука за усвојување;
6. Донесување на Годишниот Акционен план за 2021 година за спроведување на Програмата за развој на Источниот плански регион 2020-2024;
7. Избор на Раководител на Центарот за развој на Источен плански регион, со Предлог – Одлука за избор;
8. Предлог - Решение за утврдување престанок на функција в.д. Раководител на Центар за развој на Источен плански регион поради истек на мандат;
9. Разно

**Изработил:**
Андреа Златковска
Координатор за стратешко планирање и регионален развој

Центар за развој на Источен плански регион
Раководител
*Зујица Ангелова*

ИСТОЧЕН РЕГИОН

ЦЕНТАР ЗА РАЗВОЈ НА ИСТОЧЕН ПЛАНСКИ РЕГИОН

# ГОДИШЕН ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТЕЊЕТО НА ЦЕНТАРОТ ЗА РАЗВОЈ НА ИСТОЧЕН ПЛАНСКИ РЕГИОН ЗА 2020 ГОДИНА

Март 2021

Врз основа на член 12 став 1 од Одлуката за основање на Центарот за развој на Источен плански регион, Раководителот на Центарот доставува на усвојување Годишен финансиски извештај за работа на Центарот за развој на Источен плански регион до Советот за развој на Источен плански регион.

Основа за изработка на извештајот се:

1. Завршната сметка на Центарот за развој на Источен плански регион за 2020 година и
2. Завршните сметки од проекти за 2020 година:

   - Програма за зачувување на природата во Северна Македонија – фаза 2;
   - Одржлив и инклузивен рамномерен регионален развој;
   - Нашето заедничко минато – патека за заедничка иднина;
   - Културен мост низ вековите.

ЦЕНТАР ЗА РАЗВОЈ НА ИСТОЧЕН ПЛАНСКИ РЕГИОН

Основна сметка: 880006116678918
ЕДБ: 4029008502164
МБ: 6362800

(во денари)

| Ред. бр. | **ПРИХОДИ** | 2019 | 2020 |
|---|---|---|---|
| 1. | Пренесен вишок на приходи од претходни години | 39.093.599,00 | 35.703.484,00 |
| 2. | Трансфер на средства од општините за тековно работење на Центарот | 2.410.596,00 | 1.917.983,00 |
| 3. | Трансфер на средства од МЛС согласно Договорот за соработка | 1.200.000,00 | 1.200.000,00 |
| 4. | Трансфер на средства од МЛС согласно договорот за Бизнис Центарот | 400.000,00 | 250.000,00 |
| 5. | Трансфер на средства за реализација на проекти МЛС-БРР | 27.011.290,00 | 29.800.000,00 |
| 6. | Приходи од менаџирање на проекти МЛС-БРР | 1.200.000,00 | 1.200.000,00 |
| 7. | Трансфер на средства од МЗШВ за реализација на проекти | 314.345,00 | 1.669.784,00 |
| 8. | Трансфер на средства за кофинансирање на проекти од општините | 32.725.122,00 | 15.866.112,00 |
| 9. | Приходи од менаџирање на проекти од ПЗПМ – фаза 2 | 1.200.000,00 | 1.200.000,00 |
| 10. | Приходи од ПЗПМ – 2 (за едно лице) | 468.000,00 | 469.600,00 |
| 11. | Повраток на трансферирани | 2.600.000,00 | - |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | средства за реализација на проектот (GREEN) | | |
| 12. | Приходи од менаџирање на проект - GREEN | 1.065.471,00 | - |
| 13. | Приходи од менаџирање на проект – CBC006.2.21.028 | - | 98.087,00 |
| 14. | Останати приходи (наплата на гаранција, наплата на штета, и сл.) | - | 2.556.649,00 |
| | **ВКУПНО:** | **109.764.937,00** | **91.931.699,00** |

(во денари)

| Ред. бр. | РАСХОДИ | 2019 | 2020 |
|---|---|---|---|
| 1. | Бруто плати и надоместоци | 4.005.194,00 | 4.575.898,00 |
| 2. | Патни и дневни расходи во земјата и странство | 197.189,00 | 52.817,00 |
| 3. | Комунални услуги, греење, комуникација и транспорт | 197.010,00 | 188.318,00 |
| 4. | Горива и масла | 141.911,00 | 45.753,00 |
| 5. | Прехранбени продукти, хигиенски средства | 20.029,00 | 33.773,00 |
| 6. | Организација на работилници | 36.265,00 | - |
| 7. | Регистрација и осигурување на возило, опрема и патничко осигурување | 50.771,00 | 30.725,00 |
| 8. | Поправка и одржување на возило | 30.700,00 | 750,00 |
| 9. | Сметководствени услуги | 151.040,00 | 129.282,00 |
| 10. | Договорни услуги | 117.486,00 | 811.994,00 |
| 11. | Други оперативни расходи | 300.425,00 | 350.387,00 |
| 12. | Финансирање на нови програми и подпрограми (проекти) | 68.813.433,00 | 52.469.623,00 |
| 13. | Купување на опрема | - | 1.034.017,00 |
| | **ВКУПНО:** | **74.061.453,00** | **59.723.337,00** |
| | *Пренесен вишок на приходи во наредна година* | *35.703.484,00* | *32.208.362,00* |

ПРОГРАМА ЗА ЗАЧУВУВАЊЕ НА ПРИРОДАТА ВО СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА – ФАЗА 2

Сметка на проектот: 8800061166785D2
ЕДБ: 4044017100140
МБ: 6362800

(во денари)

| Ред. бр. | **ПРИХОДИ** | **2019** | **2020** |
|---|---|---|---|
| 1. | Пренесени средства од претходна година | 1.800.719,00 | 239.591,00 |
| 2. | Трансфери на средства од Фармахем за реализација на проектни активности | 10.631.406,00 | 3.592.473,00 |
| | **ВКУПНО:** | **12.432.125,00** | **3.832.064,00** |
| | **РАСХОДИ** | | |
| 1. | Реализирани проектни активности | 12.192.534,00 | 3.041.465,00 |
| | **ВКУПНО:** | **12.192.534,00** | **3.041.465,00** |
| | *За пренос во наредна година* | 239.591,00 | 790.599,00 |

НАШЕТО ЗАЕДНИЧКО МИНАТО – ПАТЕКА ЗА ЗАЕДНИЧКА ИДНИНА

Сметка на проектот: 8800061166785F1
ЕДБ: 4080019128413
МБ: 6362800

(во денари)

| Ред. Бр. | **ПРИХОДИ** | **2019** | **2020** |
|---|---|---|---|
| 1. | Пренесено салдо од претходна година | - | 2.818.085,00 |
| 2. | Трансфер на средства од IPA CBC BG_MK | 5.641.468,00 | 1.963.944,00 |
| 3. | Средства од национално кофинансирање | 462.629,00 | 277.167,00 |
| 4. | Трансфер на средства од ЦРИПР | 1.500.000,00 | 1.500.000,00 |
| 5. | Трансфер на средства од о. Кочани | - | 4.000,000,00 |
| 6. | Останати приходи | - | 23.095,00 |
| | **ВКУПНО:** | **7.604.097,00** | **10.582.291,00** |
| | **РАСХОДИ** | | |
| 1. | Реализирани проектни активности | 1.746.309,00 | 9.670.191,00 |
| 2. | Трансфер на средства кон ПП2-партнер | 3.039.703,00 | 401.195,00 |
| 3. | Поврат на средства кон ЦРИПР за менаџирање на проект | - | 98.087,00 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | **ВКУПНО:** | **4.786.012,00** | **10.169.473,00** |
| | *За пренос во наредна година* | 2.818.085,00 | 412.818,00 |

КУЛТУРЕН МОСТ НИЗ ВЕКОВИТЕ

Сметка на проектот: 8800061166785G6
ЕДБ: 4080019129100
МБ: 6362800

(во денари)

| **Ред. бр.** | **ПРИХОДИ** | **2019** | **2020** |
|---|---|---|---|
| 1. | Пренесено салдо од претходна година | - | 914.620,00 |
| 2. | Трансфер на средства од IPA CBC BG_MK | 959.091,00 | 2.699.693,00 |
| 3. | Средства од национално кофинансирање | 170.810,00 | 480.261,00 |
| 4. | Трансфер на средства од ЦРИПР | - | 2.000.000,00 |
| | **ВКУПНО:** | **1.129.901,00** | **6.094.574,00** |
| | **РАСХОДИ** | | |
| 1. | Реализирани проектни активности | 215.281,00 | 5.309.207,00 |
| | **ВКУПНО:** | **215.281,00** | **5.309.207,00** |
| | *За пренос во наредна година* | 914.620,00 | 785.367,00 |

ОДРЖЛИВ И ИНКЛУЗИВЕН РАМНОМЕРЕН РЕГИОНАЛЕН РАЗВОЈ

Сметка на проектот: 8800061166785G6
ЕДБ: 4080019129100
МБ: 6362800

(во денари)

| Ред. бр. | ПРИХОДИ | 2019 | 2020 |
|---|---|---|---|
| 1. | Пренесено салдо од претходна година | - | 3.185.922,00 |
| 2. | Трансфер на средства од МЛС-SDC | 4.922.772,00 | 6.127.735,00 |
| | **ВКУПНО:** | **4.922.772,00** | **9.313.657,00** |
| | **РАСХОДИ** | | |
| 1. | Реализирани проектни активности | 1.736.850,00 | 5.106.350,00 |
| | **ВКУПНО:** | **1.736.850,00** | **5.106.350,00** |
| | *За пренос во наредна година* | 3.185.922,00 | 4.207.307,00 |

**Изработил:**
Андреа Златковска
Координатор за стратешко планирање и регионален развој

Центар за развој на Источен плански регион
Раководител
*Зујица Ангелова*